**До**
**Универзитет „Св Кирил и Методиј“**
**Економски факултет – Скопје**
**Бул. Гоце Делчев, бр. 98, Скопје**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКИТЕ НАУКИ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОСНОВИ НА ЕКОНОМИЈАТА И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ПОРТФОЛИО МЕНАЏМЕНТ

Со одлука на наставно-научниот совет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет – Скопје, бр. 6202-3265/14, донесена на седницата одржана на 28.09.2012 година, определени сме за членови на Рецензетската комисија за избор на наставник од областа на економските науки по предметите основи на економијата и хартии од вредност и портфолио менаџмент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет – Скопје.

После опстојното проучување на конкурсниот материјал, до Наставно-научниот совет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет – Скопје го поднесуваме следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот распишан од страна на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, а на предлог на деканот на Економскиот факултет-Скопје, објавен во „Дневник“ на 26.09.2012 година, заедно со исправка на конкурс, објавена во „Дневник“ на 03.10.2012 година, се пријави единствено кандидатот д-р Владимир Филиповски, досегашен вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет – Скопје.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Владимир Филиповски е роден на 21. 01. 1963 година во Охрид, Република Македонија. Основно и средно образование завршил во Охрид. Дипломирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет Скопје, во декември 1986 година насока: финансиско-сметководствено-банкарска. Магистрирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет Скопје, во јули 1991 година, на насоката Економски развој и методи на економска анализа. Докторирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Економски факултет Скопје, на 16.10.2002 година, со одбрана на докторската дисертација со наслов: „Пазарот на капитал и развојот на финансискиот сектор во процесот на економска транзиција“.